ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Централен депозитар за хартии од вредн...
Ц Д Х В АД
Бр. 01 - 1173/1
26.02.2016 год.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

## ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

## 2015 ГОДИНА

Скопје, Февруари 2016 година

# Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2015 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање";
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Ваквата законска одредба беше основата за активностите на Депозитарот реализирани во 2015 година.

## Деловно окружување

Во текот на 2015 година Депозитарот својата активност ја остваруваше под влијание на голем број интернационални и домашни фактори, од кои некои со позитивен, а некои со негативен предзнак, кои влијаеа како врз пазарот на капитал, така и на состојбите во трговските друштва во Република Македонија. Влијанието на овие фактори врз работењето на Депозитарот во 2015 година главно беше следено од значајни неизвесности и идни ризици.

Од меѓународен аспект, во текот на 2015 година опкружувањето се соочуваше со далекусежни предизвици кои влијаат на зголемување на благосотојбата, конкурентноста и животниот стандард, на инвестициите, лимитирани со постоењето на голем број на макроекономски дебаланси. Можеше да се констатира понеповолно глобално окружување, имајќи го предвид бавното заздравување и послабиот глобален раст во 2015, особено „мекото слетување“ на кинеската економија (6,9%), структурните слабости како и зголемената неизвесност и нагласените геополитички ризици во овој период, падот на цени на широк спектар на суровини и сл.. Базичните стапки на инфлација и натаму останаа далеку под целите на инфлација во развиените економии.

- Во 2015 година, глобалната економска активност остана стагнирачка. Растот од 4% на економиите во развој се намали петта година по ред, додека во напредните економии продолжи скромниот раст од 1,9%. Светската економија забележа пораст од 3,1%, САД забележаа оптимистички раст од 2,5% додека Европската Унија оствари раст од умерени 1,9% (на ниво на евро зоната раст од 1,6%) како резултат на неоствариниот скок на инвестициите и сензитивноста на останатите главни ризици.

- Европската економија и понатаму е поддржана од голем број на позитивни фактори како што се цените на нафтата, курсот на еврото и финансиските трошоци кои ги стимулираат извозот и личната потрошувачка. Инвестициите, меѓутоа се попречени од економски и политички неизвесности, а во некои земји од прекумерниот долг. Економскиот раст, доволно силен за позначително да се намали невработеноста, досега не успеа да се ефектуира, а заживување на инвестициите, што е од суштинско значење за одржливоста на опоравувањето, останува ограничено. Економско заздравување на еврозоната останува скромно и покрај значителната поддршка од овие позитивни фактори кои веројатно ќе бидат посилни и подолготрајни отколку што претходно се очекуваше.

- Во ЕУ, а индиректно и во Македонија, бранот на бегалци претставува соочување со големи предизвици за апсорбирачкиот капацитет на пазарите на труд и тестирање на политичките системи, активностите на политиките за поддршка на интеграцијата на мигрантите во работната сила се од клучно значење за да ја смири загриженоста за социјалната исклученост и долгорочни фискални трошоци, и отворање на потенцијални долгорочни економски бенефити од приливот на бегалци.

Домашните ризици, и покрај нивното релативно ограничено влијание, со евентуалното пролонгирање на неизвесноста поврзана со политичките случувања

доведува до можност за нејзино прелевање во економијата со поголема воздржаност на домашните и странските субјекти.

- И покрај присутните ризици, според оцените на НБРМ, економските фундаменти се здрави и економијата не се соочува со поголеми нерамнотежи. Ова упатува на задржување на економијата во зоната на солиден раст на БДП од 3,2% во 2015 година. Позитивниот тренд на порастот на економијата се должи на државниот инвестициски стимул, позитивните ефекти од постоечките и новите капацитети ориентирани кон извоз, поволните движења на пазарот на трудот и солидната кредитна поддршка.
- Политичката криза во Република Македонија имаше и може да има свои импликации врз економијата на Република Македонија.
- Составот на јавните трошења останува наклонет кон трансфери и субвенции.
- Домашната инфлација беше под најголемо влијание на падот на светските цени на нафтата, со надолни притисоци кај прехранбената компонента и суровините.

Во текот на 2015 година државата беше редовно присутна како издавач на примарниот пазар на хартии од вредност, при што согласно објавените календари на аукции на хартии од вредност беа пуштени во промет и државни записи и државни обврзници со задржување на тенденцијата на продолжување на рочноста на постојното портфолио на државни хартии од вредност.

На Македонската берза, за разлика од 2014 година, повторно се вратија надолните трендови од минатите години така да во 2015 година е забележана намалување на индексот МБИ10 за 0,59% како и пад на прометот за 69,43%, пред се како резултат на намалувањето на класичното тргување (-17,60%), блок трансакциите (-65,02%) и јавните понуди (-99,67%). Вкупно реализираниот промет изнесува 2,6 милијарди денари (8,7 милијарди денари во 2014 година), односно 43 милиони евра (142 милиони евра во 2014 година), што неминово се одрази и на резултатите од работењето на Депозитарот.

Во 2015 година, во услови на недоволна заинтересираност на домашните инвеститори, ниту странските инвеститори не покажаа знаци на интерес за позначајно присуство на македонскиот пазар на хартии од вредност на куповната страна. Значајно намалените активни каматни стапки на банките во Република Македонија не предизвикаа ефект на потенцијалното и економски логично прелевање на слободни парични средства како инвестиции кон пазарот на хартии од вредност. Ваквата ситуација придонесе да продолжи трендот на намалување на обемот на работење и профитабилноста на членките на Депозитарот, што ги зголемува ризиците за нивниот економскиот интерес за понатамошно работење.

# Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2015 година

## Генерални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2015 година:

Генералните показатели за 2015 година кои произлегуваат од предметот на работење на Депозитарот се следните:

- во делот на водењето на регистарот на хартии од вредност:

- во системот на Депозитарот на 31.12.2015 година беа евидентирани активни акционерските книги на 516 акционерски друштва, што е за 6 помалку од состојбата на 31.12.2014 година, при што во текот на годината
    - беа регистрирани 14 нови акционерски друштва
    - над 13 акционерски друштва беше отворена постапка на стечај
    - 2 акционерски друштва се присоединети кон друго акционерско друштво
    - 2 акционерски друштва се преобразени во друга форма на трговско друштво;
- во системот на Депозитарот на 31.12.2015 година беа евидентирани 582 посебни активни ИСИН-и за издадени акции, што е за 31 помалку од состојбата на 31.12.2014 година, при што во текот на годината
    - се евидентирани промените на статусот на издавачите на акции кои соодветно се пресликува и кај бројот на активни ИСИН-и
    - извршен е упис на 5 нови емисии на постојни акционерски друштва
    - извршени се вкупно 23 конверзии на приоритени во обични акции;
- во системот на Депозитарот на 31.12.2015 година беа евидентирани 169 посебни ИСИН-и за издадени краткорочни и долгорочни должнички хартии од вредност, што е за 45 повеќе од состојбата на 31.12.2014 година;

- во делот на трговските преноси:
    - извршено е утврдување и порамнување на 11.873 трговски транскации реализирани на Македонска Берза за хартии од вредност АД Скопје во вкупна вредност на порамнувањето од 2.664.041.006 денари, што е за 69,40% помалку во однос на вредноста на порамнетите трансакции во 2014 година,
    - извршено е утврдување и порамнување на 40 трговски транскации реализирани преку пазарот организира од НБРМ во вкупна вредност

на порамнувањето од 3.627.486.408 денари, што е за 64,86% помалку во однос на вредноста на порамнетите трансакции во 2014 година,

- во делот на нетрговските преноси, зголемување на бројот и структурата на нетрговските преноси во однос на 2014 година
- во Депозитарот се спроведени постапки за преземање на три акционерски друштва, согласно одредбите на Законот за преземање на акционерски друштва, со вкупна вредност на спроведените преноси од 170.269.350 денари, за разлика од 2014 година кога вакви посапки изостанаа.

## Подетални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2015 година:

### ❖ Евидентирање на издавачи и иматели на хартии од вредност

***Хартии од вредност***

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2015 година.

| | Број на активни ИСИН-и | Издадена количина | Номинален капитал |
|---|---|---|---|
| **Акции** | 582 | 390.086.835 | 225.114.424.108 |
| **Обврзници** | 134 | 1.098.921.877 | 45.949.865.308 |
| **Останати ХВ** | 35 | 3.683.877 | 36.838.770.000 |

***Сметки на иматели***

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2015 година.

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) 31.12.2015 | % промена во однос на претходната година | Број на сметки 31.12.2015 | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| **Сопственичка сметка** | 227.725.996.330,60 | -2,49 | 79.329 | -5,59 |
| **Портфолио сметка** | 41.877.195,74 | -16,40 | 55 | 34,15 |
| **Застапничка сметка** | 56.699.821,96 | -4,41 | 12 | 0,00 |
| **Старателска сметка** | 26.621.593.152,78 | 21,07 | 63 | -1,56 |
| **Други сметки** | 53.456.892.915,11 | 7,29 | 6.030 | -8,75 |

### Структура на иматели

Структура на сметки по тип на инвеститор во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2015 година.

| Инвеститор | 31.12.2015 | 31.12.2014 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 79.502 | 84.213 | -5,59 |
| Домашни правни лица | 2.245 | 2.324 | -3,40 |
| Странски физички лица | 1.278 | 1.325 | -3,55 |
| Странски правни лица | 202 | 210 | -3,81 |

## ❖ Утврдување и порамнување на трговски трансакции

### Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза

Порамнети трансакции во 2015 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2015 година (МКД) | Вредност 2014 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 2.664.041.006 | 8.706.757.855 | -69,40 |
| Количина ХВ | 13.166.069 | 26.287.520 | -49,92 |
| Број на трансакции | 11.873 | 13.398 | -11,38 |

Во текот на 2015 година немаше ниту една непорамнета трансакција.






### Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2015 година (МКД) | Вредност 2014 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 3.627.486.408 | 10.322.762.334 | -64,86 |
| **Количина ХВ** | 362.114 | 1.049.639 | -65,50 |
| **Број на трансакции** | 40 | 67 | -40,30 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 8 учесници на продажна страна и 7 учесници на куповна страна.

### ❖ Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2015 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| | 2015 година | 2014 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 1.035 | 928 | 11,53 |
| Подарок | 835 | 242 | 245,04 |
| Судски одлуки | 12 | 22 | -45,45 |

❖ **Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот**

**Корпоративни активности на акционерските друштва во 2015 год.**

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2015 година:

| **Активност** | **БРОЈ** |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 14 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 14 |
| Нови емисии на постоечки АД | 5 |
| Евидентиран стечај на АД | 13 |
| Евидентирана ликвидација на АД | 0 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 2 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 4 |
| Поделба на акции | - |
| Останато | 8 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2015 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

**Преземање на акционерски друштва**

Во текот на 2015 година Депозитарот склучи три договори за соработка со превземачи во постапките за превземање на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, Жито Караорман АД Кичево и Пелистерка АД Скопје.

| **Датум** | **Акционерско друштво** | **Број на евидентирани изјави на лица кои ја прифатиле понудата за откуп** | **Број на пренесени хв** | **Број на пренос и** | **Вредност на преземањето (МКД)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 24.06.2015 | ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово | 92 | 262.267 обични акции | 90 | 144.246.850 |
| 22.07.2015 | Жито Караорман АД Кичево | 3 | 2975 обични акции | 3 | 2.975.000 |
| 28.10.2015 | Пелистерка АД Скопје | 42 | 10.975 обични акции | 42 | 23.047.500 |

## ❖ Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2015 година:

| Државни хартии од вредност | број на емисии во 2015 година | износ (МКД) |
|---|---|---|
| нови емисии на тримесечни записи | 4 | 1.153.700.000 |
| нови емисии на шестмесечни записи | 11 | 9.416.600.000 |
| нови емисии на едногодишни записи | 24 | 29.800.470.000 |
| нови емисии на континуирани државни обврзници | 45 | 11.309.710.000 |
| **Вкупно** | **84** | **51.680.480.000** |

| | | |
|---|---|---|
| емисии на доспеани тримесечни записи | 0 | 0 |
| емисии на доспеани шестмесечни записи | 4 | 3.532.000.000 |
| емисии на доспеани едногодишни записи | 19 | 30.840.040.000 |
| пресметани купони и главници од континуирани државни обврзници | 94 | 6.771.127.805 |
| **Вкупно** | **117** | **41.143.167.805** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија, извршени се повеќе активности.

- Во текот на 2015 е запишана и структурната обрзница – Обврзници за денационализација од Четиринаесетта емисија. Обврзницата е издадена со износ од 9.500.000 евра, а регистрирани се обврзници на 761 физичко лице и на 19 верски објекти.

- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од четврта до тринаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана Четвртата емисија на обврзници за денационализација.

### ❖ Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2015 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 16 |
| Копија од акционерска книга | 45 |

### ❖ Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот

На почетокот на 2015 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на акционерските друштва согласно 6.2 од Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје. До сите издавачи чии акционерски книги се водат во системот на ЦДХВ доставена е електронска верзија на акционерската книга на издавачот, со состојба на 31.12.2014 година. Во насока на обезбедување на заштита на личните податоци на акционерите согласно Законот за заштита на лични податоци, акционерската книга беше доставена во форма на компримиран и заштитен zip. документ, по што беше дистрибуирана и лозинка за отварање на документот. Беа испратени 613 акционерски книги (по ИСИН број), до 522 акционерски друштва.

Согласно Законот за хартии од вредност, при регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената. По овој основ во текот на 2015 година до имателите беа испратени 10.969 известувања.

Со регистрирањето на Четирианесетта емисија на обврзници за денационализација, до имателите се испратени 761 известувања.

### ❖ Соработка со Фондот за ПИОМ

Во текот на 2015 година е продолжена соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија. Во текот на годината на Берзата се спроведени седум јавни берзански аукции со акции и удели во сопственост на ФПИОМ, за кои Депозитарот изврши претходни проверки. Во врска со тоа, порамнети се 28 трговски трансакции, а веднаш по порамнувањето на емисиите на приоритетни акции е применета одредбата од член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Службен весник на РМ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06, 84/07, 123/2012) со кој акциите со продажбата се претвораат во обични.

## Членки на Депозитарот

Во текот на целата 2015 година бројот на членките на Депозитарот изнесуваше 10 членки, од кои 6 брокерски куќи и 4 банки.

Во табеларниот приказ што следи презентирани се состојбите членките на Депозитарот во текот на 2015 година.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2015 | 31.12.2015 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2. | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3. | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4. | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5. | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6. | ПТ | ПОШТЕЛ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7. | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8. | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9. | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |

Во текот на месец септември 2015 година на иницијатива на ЦДХВ беше остварена средба со претставници на членките на Депозитарот, чија цел беше ЦДХВ да информира за активностите кои се во тек во Депозитарот, размена на мислења, предлози за измени и дополнувања на актите на ЦДХВ и предлози за подобрување на соработката на оперативно ниво помеѓу институцијата и членките. Теми за разговорот со членките беа следните:

a. Планираната измена на актите на ЦДХВ и вградување на евентуални забелешки на индустријата,
b. Двострано информирање за надградбите на комуникациските врски
c. Изработката на веб сервисите за потребите на членките на ЦДХВ за новиот софтвер за позадиско работење.

### Теренски контроли на членките

Врз основа на спроведените теренски контроли спроведени кон крајот на 2014 година, тимот за вршење на контрола во месец март 2015 година изготви Збирен извештај во кој се презентирани резултатите од извршените теренски контроли на дел од членките. Врз основа на извршената анализа на актуелната регулатива утврдено е дека крајната фактичка состојба за констатираните наоди е уредна и дека Депозитарот не треба да преземе никаква дополнителна активност врз основа на Правилата за однесување и дисциплина кон ниту една од контролираните членки.

Согласно Програмата за работа на ЦДХВ АД Скопје за 2015 година, Извршниот директор во текот на месец ноември донесе План за теренска контрола на членките на ЦДХВ АД Скопје за 2015 година и Упатството за начинот, времето, предметот, тимот и постапката за спроведување на теренска контрола за членки на Депозитарот за 2015 година. При утврдувањето на членките кои беа предмет на контрола како критериуми беа земени:

- Бројноста на резервации во системот на ЦДХВ во период од 01.01-31.10.2015 година (1 членка) и
- членката да не била предмет на теренска контрола во текот на 2013-та и 2014-та година, според бројноста на резервации во системот на ЦДХВ во период од 01.01-31.10.2015 година. (2 членки).

Врз основа на оваа методологија, со одлука на Извршниот директори на Депозитарот беше формиран тим за вршење на контроли и беа исконтролирани три членки. Притоа, предмет на контролата беа:

- Полномошна од клиенти;
- Увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување;
- Уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот.

Примероците од кои се ценеше уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација во системот на Депозитарот ги утврди тимот за контрола составен од тројца вработени во Депозитарот, непосредно пред извршувањето на контролата, по принцип на случаен избор, со опфат кој претставуваше репрезентативен примерок за контролата, и со временска рамка во период од 01.01.2015 година до моментот на извршување на теренската контрола. Врз основа на спроведените контроли кај членките не е поведена дисциплинска постапка во текот на 2015 година.

**Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд**

Во текот на 2015 година не беше спроведена ниту една постапка согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд бидејќи во текот на годината не беа констатирани ненавремени уплати на парични средства за порамнување на берзански трансакции на сметките на членките на Депозитарот за порамнување.

Во текот на 2015 година немаше ниту една непорамнета трансакција.

## Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извшувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2015 година беа преземени и следните активности:

### Активности поврзани со реновирање на систем салата на Депозитарот

Во месец март 2015 година продолжија активностите поврзани со реновирањето на систем салата на Депозитарот, кои беа времено прекинати во 2014 година, поради можноста на селење на Депозитарот на нова локација, во просториите каде е лоцирана Македонската берза. Со оглед дека не беа исполнети предусловите за преселба на нова локација (а со што значајно ќе се намалеа инвестиционите трошоци за систем салата), а дополнително имајќи ја во предвид неизвесноста од реализација на преселбата и важноста на безбедноста на инфомацискиот систем на Депозитарот, Одборот на директори на седница одржана на 13.03.2015 година заклучи да продолжат активностите поврзани со реновирање на актуелната систем сала на Депозитарот на постојната локација.

Активностите за реновирање на систем салата на ЦДХВ АД Скопје имаа за цел да се обезбеди физичка безбедност на информацискиот систем на Депозитарот и да се задоволат стандардите утврдени со Правилникот за технички и организациони мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци донесен од ЦДХВ согласно одредбите на Законот за заштита на лични податоци, како и минималните стандарди препорачани од страна на Министерството за информатичко општество.

Во консултација и согласност со проектантот и ревизорот на проектната документиција за реновирање на систем салата избрани во 2014 година, беа направени извесни корекции во поглед на градежните материјали и начинот на реализацијата на реновирањето на систем салата во делот на градежните активности (за материјалот на преградните зидови и заради исфрлање на некои ставки поради рационализација на трошоци).

Прворангираната фирма која достави најповолна понуда за изведба на систем салата во 2014 година беше повикана и информирана за продолжувањето на проектот и начинот на неговата реализација. Откако прецизно беа констатирани сите измени на првичниот Проект, беше потпишан Договор за реновирање на систем салата на ЦДХВ и започнаа активностите во делот на демонтажа и исфрлање на шутот од градежните простории. Вториот чекор беа градежните активности, како поставување на плочи на соодветна конструкција, поставување на таван за заштита од поплави од погорните катови, поставување на плафонски и подни плочи, како и инсталација за електричната и компјутерската мрежа и поставување на нова разводна табла.

Истовремено, додека се реновираше систем салата се работеше и на новата операторска канцеларија за оддалечено управување со серверската опрема и минимизирање на бројот на влегувањата во систем салата.

Поради непредвидени работи кои се појавуваа во текот на градењето, во поглед на градбата на зградата и старата електична инсталација и инсталацијата на парното греење, дојде до извесно пролонгирање на градежните работи од првично предвидените.

По завршувањето на сите градежни работи во систем салата, беа преземени активности за поставување на главниот клима уред, инсталацијата за реверзен клима уред, поставување на професионални УПС уреди за сервер сали (примарен и редундантен уред).

Целиот проект за реновирањето на систем салата на ЦДХВ согласно одобреното од Одборот на директори се заокружи со преселбата на комуникациските линии и компјутерската опрема во реновираната просторија, а како последен чекор беше преселена помошната компјутерска опрема во новата операторска канцеларија за оддалечено управување со серверската опрема.

Сите три ангажирани страни - Депозитарот како нарачател, Фибернет ДОО Скопје како изведувач и Вако ДОО Скопје како надзор на проектот, потпишаа записник со кој се потврдува успешноста на спроведувањето и финализирањето на целиот потфат.

Преселбата на информатичната опрема во реновираната систем сала и нејзиното пуштање во употреба беше реализирано без никакви проблеми или застои во однос на извршувањето на редовните активности на ЦДХВ.

Во поглед на квалитетот и запазувањето на стандардите за градење на систем сали, како и заштеда на средствата и минимализирање на трошоците, Депозитарот може да се претстави со една од подобро димензионираните систем сали во Македонија во овој момент од соодветниот габарит.

Како завршна активност со која би се заокружил целиот проект на реновирање на систем салата на Депозитарот во делот на инфраструктурните уреди, во 2015 година покрената е иницијатива за набавка и инсталација на нов систем за гаснење на пожар во просторијата.

**Развивање на WEB сервис за потребите на членките**

Заради овозможување на побрз и автоматизиран проток на информации помеѓу информациската структура на Депозитарот и членките на Депозитарот во текот на 2015 година беа преземени активности потребни за развивањето и имплементација на систем за размена на податоци помеѓу Депозитарот и Back-office апликациите на членките на Депозитарот, во рамките на развивањето на новата Back-office апликација на членките.

Веб сервисите се развиени согласно истакнатите потреби на членките на ЦДХВ за имплементација на одредена бизнис логика врзана со работењето на ЦДХВ директно во апликативните решенија за позадинско работење на членките.

Веб сервисот ќе овозможи пренесувањето на податоците од електронскиот систем на Депозитарот да се одвива преку повикување на методи на WEB сервис, развиен и хостиран на страната на Депозитарот. Преносот на податоците помеѓу Депозитарот и апликацијата на членките да се извршува преку SOAP протокол. SOAP протоколот се базира на HTTPS транспортен протокол. Податоците ќе се преземаат по барање на корисникот, преку клиентска апликација.

Преку овој сервис се овозможени пет функционалности на системот во базата на Депозитарот, а се однесуваат на:

- проверка на резервации
- регистрирање на нови резервации
- проверка на сите започнати трговски трансакции и порамнетите трансакции до два работни дена после порамнувањето,
- преглед на сите активни резервации и
- бришења на резервациите.

На крајот на 2015 година овој систем беше во фаза на развој и тестирање, со планирано пуштање во употреба во првиот квартал од 2016 година и истиот има можност за негова надградба со нови функционалности во иднина.

**Набавка на друга нова хардверска опрема и обнова на лиценци**

Заради континуирано одржување на компјутерската опрема во Депозитарот што е од особено значење за непречено функционирање на системот согласно *Програмата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност за 2015 година* се спроведоа активности за обновување на мрежно комуникациската опремата. Спроведена е набавка, склучен е договор и извршена е инсталација на комуникацискиот уред рутер, кој претставува главен сообраќаен уред во размена на податоците помеѓу Депозитарот и Македонската берза, членките на Депозитарот како и врската со НБРМ во делот за порамнувањето на трговските трансакции.

Исто така, во текот на 2015 година спроведена е набавка и извршена е и обнова на лиценците за работа на firewall-от PaloAlto200 за следната година.

**Воспоставување на нови комуникациски линии**

Во третиот квартал на 2015 година започна постапката за воспоставување на нови комуникациски линии за поврзување со МБХВ и НБРМ, и тоа нова линија до МБХВ заради редундантност со актуелната линија, секундарна линија до НБРМ и една линија до резервната локација на НБРМ. Имено, со воспоставувањето на нова комуникациска линија до Берзата се овозможува редундантност на линиите со што се надминуваат проблемите со прекини на линиите, додека зголемениот капацитет на линијата значително ја подобрува брзината на пристап до системот на Депозитарот за учесниците. Воедно, согласно Одлуката на НБРМ со која се пропишува начинот за поврзување во информатичкиот систем на Народната банка на Република Македонија на институциите кои имаат потреба и/или обврска електронски да комуницираат со Народната банка, Депозитарот е обврзан да обезбеди примарна и резервна линија до МИПС од различни оператори, како и примарна линија за податочно поврзување со резервната локација на НБРМ. Поради обврската да се обезбеди резервна линија до примарната локација на МИПС преку втор оператор, како и линија за поврзување со резервната локацијата на МИПС, како и потребата од воспоставување на втора врска со Берзата, започна постапката за избор на најповолен оператор за овие услуги. Воедно, постапката

беше проширена и со набавка на интернет услуги за потребите на ЦДХВ поради истекување на договорот со актуелниот добавувач.

Додека траеше постапката на евалуација на понудите, Депозитарот беше информиран од страна на Македонската берза дека е во тек постапката за промена во начинот на комуникациското поврзување на Берзата со нејзините членки, кое во иднина ќе се врши преку интернет со употреба на интернет базирана виртуелна приватна мрежа - IP VPN, како и нова пристапна точка на поврзување на членките и МБХВ. Поради воспоставување на новата мрежна инфраструктура беше проценето дека е пожелно и оправдано да се воспостави комуникациска врска од Депозитарот до таа локацијата. Со тоа се постигнува поквалитетен и побрз пристап на членките до системот на Депозитарот. Во врска со ова, а согласно анализата на Дирекцијата за информатичка технологија, утврдено е дека е потребно да се воспостави една линија до новата локација како примарна линија и една резервна линија до актуелната локација на Македонската берза. Во случај на испад на примарната линија, системот ќе биде подесен автоматски да ја пренасочи комуникацијата преку бекап линијата до Македонската берза, а понатаму до членките. По однос на ова, беа контактирани релевантните понудувачи со барање за проширување на понудите со нови опции за поврзувањето на ЦДХВ со Берзата и со членките.

Во четвртиот квартал на 2015 година беше извршен избор и потпишани договори со најповолните понудувачи, по што се воспоставија нови комуникациски линии за поврзување со НБРМ. Поради воспоставување на новата мрежна инфраструктура, односно поради воспоставување на нова пристапна точка на членките преку нова локација, физички се воспостави нова комуникациска врска од Депозитарот до таа локација, но сообраќајот ќе биде пренасочен преку неа во моментот на поврзувањето на членките на Депозитарот преку новата сообраќајна инфраструктура. Постапката за воспоставување на резервната линија до Македонска Берза АД Скопје до крајот на 2015 година беше во тек.

Сите активности кои се однесуваа на воспоставување на комуникациските врски ја имаа во предвид и идната активност за воспоставување на нова резервна локација на системот на ЦДХВ, која ќе следи по завршувањето на опишаните активности.

Целата комуникација на Депозитарот со членките, МБХВ, НБРМ и КХВ се одвива преку новонабавениот уред рутер Cisco кој за таа цел е исконфигуриран да го регулира и контролира сообраќајот кој се одвива при тековното работење на Депозитарот.

Заради потенцијалните проблеми кои можеа да ги имаат членките со старите IP адреси на апликативните сервери кои се користеа во Депозитарот, тие се заменети со нови IP адреси, при што е извршено и соодветно подесување на конфигурациите кај сите членки, КХВ и МБХВ заради апликативно поврзување со Депозитарот.

Во текот на 2015 година склучен е и нов договор за интернет услуги за потребите на ЦДХВ поради истекување на договорот со актуелниот провајдер.

**Тековно одржување на опрема**

Во делот на тековното одржување на Дизел агрегатот извршена е негов годишен сервис и тестирање.

## Правни и нормативни активности

### ❖ Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ

Во текот на вториот квартал од 2015г., беа преземени интензивни активности во насока на измени на актите на Депозитарот како што е предвидено и со Програмата за работа на ЦДХВ за 2015г., за што беа изготвени соодветни информации по кои дискутираше и Одборот на директори на Депозитарот. По донесените заклучоци на Одборот се работеше на подготовката на нацрт-измени и дополнувања на Правилата за членство на ЦДХВ АД Скопје, Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје и Тарифата на ЦДХВ АД Скопје кои потоа беа доставени на увид на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија заради усогласување на текстот и евентуални забелешки, пред започнување на формалната постапка за издавање на согласност на измените.
Во врска со активностите за измени на Правилата за работа и Тарифата беа спроведени бројни консултации и со финансиските институции, НБРМ и други засегнати страни, беа извршени бројни анализи на состојбите заради утврдување на параметрите во текстовите на актите, а беа организирани и средби со членки кои се учесници на ОТЦ пазарот на хартии од вредност кој го регулира Народната Банка на Република Македонија.
Во четвртиот квартал од 2015 година финализираа претходно започнатите активности за подготовка на измени и дополнувања на неколку акти на ЦДХВ. Конечниот текст на предлог-актите е дефиниран согласно констатираните потреби за измени на актите на ЦДХВ и резултатите од извршените консултации, по што актите беа усвоени од Одборот на директори на ЦДХВ на 01.12.2015 година и доставени за согласност до КХВ.

Подолу во овој текст следи подетален опис на овие настани.

#### Измени и дополнувања на Правилата за работа на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје на седницата одржана на 01.12.2015 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Со измените во Правилата за работа се дополнува дефиницијата за портфолио сметка во насока на овозможување на друштвата за управување со инвестициски фондови да можат да отвораат сметки за хартии од вредност при склучен договор за управување на портфолио на хартии од вредност согласно измените на Законот за хартии од вредност објавени во Февруари 2015 година со кои се воведе можност друштвата за управување со инвестициски фондови да можат да станат членки на Депозитарот. Понатаму, со измените на Правилата за работа се дефинира и статусот на издавачите како активен, блокиран и пасивен како и последиците од воведувањето на пасивен статус на издавачите во поглед на добивањето на услуги од страна на Депозитарот. Оваа промена, меѓудругото, се воведува и како резултат на одредбите на Законот за трговски друштва кои предвидуваат постапка за утврдување на неактивни субјекти и нивно бришење од Централниот регистар на Република Македонија. Воедно, во Правилата за работа се предвидува задолжителното доставување на акционерските книги за издавачите со состојба

31.12. да се однесува само кон акционерските друштва што редовно ги подмируваат своите обврски кон Депозитарот.
Во дефиницијата за отварање на сметка за хартии од вредност се појаснува дека сметката за хартии од вредност може да биде отворена директно во Депозитарот но и на барање на членките, како и при евидентирање на првичен внес на иматели на хартии од вредност при примарни/основачки емисии.
Во делот кој го уредува работењето на членките се воведуваат нови можности за членките за поврзување со системот на Депозитарот, освен сегашната преку апликацијата на ЦДХВ, со што се проширува палетата на можности за членките за поврзување со системот на Депозитарот, како и обврски за членките и постапување на Депозитарот при непредвидени случаи (прекин на телекумуникациски линии и сл.) Во овој дел се прецизираат и правата на членките кои произлегуваат од доделените овластувања на сметките за хартии од вредност на нивните клиенти, во поглед на времетраењето на овластувањето кое го дефинира самата членка, по чиј истек автоматски се бришат овластувањата за таа членка.
Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 30.12.2015г., достави Решение УП бр.08-159 од 28.12.2015 година за давање на согласност на Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД, со истовремено задолжување за дополнителни измени во Правилата за работа, пред се во насока на унификација на употребените термини со актуелната регулатива.

### Измени и дополнувања на Правилата за членство на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје на седницата одржана на 01.12.2015 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Правилата за членство на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Со предвидените измени во Правилата за членство се вршат усогласувања со измените на Законот за хартии од вредност објавени во февруари 2015 година со кои се воведува можност друштвата за управување со инвестициски фондови да можат да станат членки на Депозитарот, така што во Правилата за членство на ЦДХВ АД Скопје се воведе ново поглавје кое се однесува само на овие субјекти, имајки го во предвид ниското ниво на пристап кое истите би го имале до услугите на Депозитарот во однос на членките кои се овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, односно берзанските посредници (банки и брокерски куќи). Во останатиот дел од текстот на Правилата за членство се направени технички подобрувања, а воведена е и обврска за дополнително известување кое членките – берзански посредници треба да го достават до Депозитарот при промена на сметката за порамнување и BIC кодот во НБРМ.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 30.12.2015г., достави Решение УП бр.08-158 од 28.12.2015 година за давање на согласност на Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД, со истовремено задолжување за дополнителни измени во Правилата за членство, пред се во насока на унификација на употребените термини со актуелната регулатива.

**Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги**

Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје на седницата одржана на 01.12.2015 година донесе нова Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги. Со новата Тарифа извршено е извесно редефинирање на некои од тарифните ставки и општите одредби на Тарифата, главно, од следните основни причини:

- Формирање на нови приходни ставки за ЦДХВ согласно услугите кои ги извршува или може да ги извршува и усогласување со Законот за хартии од вредност со воведување можност друштвата за управување со инвестициски фондови да бидат членки на Депозитарот;
- Продолжување на рокот за плаќање на годишните надоместоци за водење евиденција на хартии од вредност од 8 дена на 30 дена,
- Попусти за годишните надоместоци за водење евиденција за акции за друштва по одлука на Одборот на директори на ЦДХВ која има за цел намалување на надоместоците за друштвата кои работат со позначајни финансиски проблеми;
- Дефинирање на нова тарифна ставка за друштвата со пасивен статус на издавач согласно измените на Правилата за работа на ЦДХВ, со значајно намалување на надоместокот во однос на останатите издавачи;
- Дефинирање на нова група издавачи на акции "најголеми друштва" со основна главнина поголема од 9 милијарди денари, и нов годишен надомест за водење евиденција на акции за тие друштва, соодветен на одговорноста на Депозитарот за вредноста на капиталот на овие друштва која ја води во својот систем
- Корекции на постојните тарифни ставки согласно актуелните состојби на пазарот на хартии од вреднсот и актуелниот амбиент во кој работи Депозитарот
- Долгогодишен период без корекции на надоместоците за водење евиденција на акции во системот на ЦДХВ во Тарифата на ЦДХВ
- Значајно намалени приходи од порамнување на берзански трансакции
- Промени во тарифната политика на Депозитарот кои би дестимулирале нетрговски преноси за сметка на трговски трансакции, каде природата на типот на преносите може да биде опредeнена од разликите во тарифната политика на ЦДХВ;
- Елиминирање на ефектите од создавање на привидни приходи за Депозитарот од годишни надоместоци за водење на акционерски книги за друштва кои реално и фактички не работат и кои не ги сервисираат своите обврски кон Депозитарот за годишни членарини, ниту пак овие побарувања на Депозитарот можат да се наплатат дури и во постапка за присилна наплата
- утврдување на други корекции на тарифната политика согласно ангажманите на Депозитарот за тие услуги, соодветните работни процеси и операции.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 30.12.2015г., достави Заклучок за прекинување на постапката за добивање на согласност на Тарифата на ЦДХВ АД Скопје бр. УП1 08-160 од 28.12.2015 година со задолжување за ЦДХВ да достави неревидирани финансиски извештаи за 2015 година до КХВ, по што постапката ќе продолжи.

### ❖ Интерни упатства и процедури

Имајќи ја во предвид важноста од продолжување на процесот на имплементација на соодветни мерки со кои ќе се зголеми заштитата и тајноста на личните податоци кои ги обработува Депозитарот во текот на 2015 година Одборот на директори на ЦДХВ донесе Политики за информациско-комуникациската технологија на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, врз основа на кои Извршниот директор на Депозитарот во текот на месец септември донесе процедури за нивна имплементација, во кои подетално е разработен начинот на имплементација на овие Политики.

### ❖ Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2015 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, на ad hock основа, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

### ❖ Согласност од КХВ за Извршен директор на Депозитар

Врз основа на донесената Одлука за избор на извршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје во декември 2014 година, на 21.01.2015 година поднесено е Барање до КХВ за давање согласност за именување на директор на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Во прилог кон барањето, покрај другата документација, поднесена е изработената Програма за деловна и развојна политика на Централен депозитар за хартии од вредност за периодот 2015-2016 година, како предлог на Извршниот директор Елена Јакимовска Петровска, која претходно беше потврдена од членовите на Одборот на директори на ЦДХВ. На 10.03.2015 година КХВ спроведе интервју со предложениот кандидат. На 26.03.2015 година добиено е Решение бр.УП1 08-3 од 23.03.2015 година од КХВ со кое се дава согласност за именување на Елена Јакимовска Петровска за Извршен директор на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, за период од 4 години.
Врз основа на применото решение извршена е објава согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност, и спроведен е упис на новото решение во ЦРМ.

## ❖ Одржани акционерски собранија

На 26.05.2015 година беше одржана 20-та седница на Годишно собрание на акционери на ЦДХВ. Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше по однос на следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2014 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво
5. Одлука за распоредување на вишокот на приходи врз расходи-добивката оставарена по годишната сметка за 2014 година.
6. Годишен извештај за работењето на Одделението за внатрешна ревизија за 2014 година.
7. Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година.
8. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2015 година.
9. Известување за поднесена оставка на член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
10. Предлог Одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
11. Предлог Одлука за избор на Комисија за арбитража.

## ❖ Активности поврзани со промена на деловниот простор во кој работи ЦДХВ и активности за добивање на имотен лист на ЦДХВ за просторот во Комплекс банки

### Активности поврзани со промена на деловните простории на ЦДХВ

Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје на седницата одржана на 30.06.2015 година донесе Одлука со која се утврдува промена на околностите и неможност за реализација на одредбите на:
1. Одлуката на Одборот на директори за давање право на користење и отуѓување на постојниот деловен простор и стекнување на нов деловен простор на друштвото како идна голема зделка бр. 02-2303/1 од 29.04.2014 година и
2. Одлуката на Собранието на акционери на ЦДХВ за одобрување на идна голема зделка бр.02-2827/1 од 28.05.2014 година.

Ваквата Одлука беше донесена поради:
1. променет амбиент во периодот по носењето на двете погоренаведени одлуки заради што не може со сигурност да се определи дека претходно договорената зделка ќе биде во најдобар интерес на ЦДХВ АД Скопје и

2. неисполнување на условот ЦДХВ АД Скопје да стекне право на користење на деловен простор на ул. Орце Николов бр. 75 Скопје со површина од 372 м2.

Имено, со Одлуката на Одборот на дирекори на ЦДХВ бр. 02-2303/1 беше предвидено деловниот простор кој го користи ЦДХВ АД Скопје во Комплексот Банки да го даде на користење на друштвото КИБС АД Скопје во замена за право на користење на деловен простор кој КИБС АД Скопје ќе го стекне од Македонска берза АД Скопје,. Со истата Одлука беше предвидено по стекнувањето на имотен лист за деловниот простор во Комплекс Банки, ЦДХВ АД Скопје актуелниот деловен простор да го продаде на КИБС АД Скопје, а КИБС АД Скопје истовремено да го продаде на ЦДХВ АД Скопје деловниот простор што ќе го стекне од Македонската берза АД Скопје, при што беше утврдена и вредноста на деловниот простор кој ЦДХВ АД Скопје ќе го оттуѓи и стекне во износ од 576.600 ЕВРА во денарска противвредност. Согласно Одлуката на Собранието на акционери на ЦДХВ бр.02-2827/1, Одборот на директори беше овластен да ги преземе сите неопходни активности за реализација на оваа Одлука, а во случај на промена на околностите или неможност за реализација на одредбите на Одлуката, истата престанува да важи.

Во насока на обезбедување на имплементација на Одлуката бр.02-2827/1, Одборот на директори преку Извршниот директор на ЦДХВ АД Скопје и стручните служби во Депозитарот иницираше повеќе работни состаноци со преставници на засегнатите страни во оваа трансакција.

Паралелно со овие активности, од јули 2014 година активностите за решавање на состојбите со имотните листови за деловниот простор во зградата Комплекс Банки се интензивираа. Одржани се повеќе работни средби со преставници од Министерството за финансии, Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Бирото за судски вештачења и Државното правобранителство на Република Македонија. На овие средби од страна на надлежните институции презентирани се ставови кои упатуваат на бројни отворени прашања во однос на начинот на поделбата на деловниот простор во Комплекс Банки, и аналогно на тоа и на ЦДХВ АД Скопје. Притоа, од аспект на можноста за имплементација на Одлуката бр. 02-2303/1 и Одлуката бр.02-2827/1 од 2014 година се констатира неизвесност дали на ЦДХВ АД Скопје ќе му биде доделен со имотен лист простор во квадратура од 447 м2 кој го користи, или простор по Анексот на договор од 2005 година, и аналогно на тоа, дали истиот ќе биде согласно вредноста на која се базираат одлуките.

Исто така, во периодот по носењето на предметните одлуки дојде до промена и на даночните прописи во однос на третманот на капиталната добивка, што имаше соодветни импликации на предметната голема зделка и очекуваниот исход од трансакцијата.

Дополнително, на седница одржана во март 2015 година Одборот на директори беше известен од Извршниот директор на ЦДХВ АД Скопје за изјаснувањето на КИБС АД Скопје дека ова друштво не гледа економска оправданост да пристапи кон користење на деловните простории на ЦДХВ АД Скопје под наем под услови кои би биле прифатливи и за ЦДХВ. Освен тоа, КИБС АД Скопје не го стекна предметниот деловен простор од Македонска берза АД Скопје согласно Одлуката бр.02-2827/1, што беше предуслов за другите активности по одлуката. Воедно, и Македонска берза АД Скопје донесе одлука за повлекување од продажба на делот од нивниот деловен простор, предмет на одлуката.

Поради сето претходно наведено, Одборот на Одборот на директори одлучи

Одлуката за давање право на користење и отуѓување на постојниот деловен простор и стекнување на нов деловен простор на друштвото како идна голема зделка бр. 02-2303/1 од 29.04.2014 година да престане да важи. Истовремено, Одборот на директори констатира дека се настанати околностите согласно кои Одлуката на Собранието на акционери на ЦДХВ за одобрување на идна голема зделка бр.02-2827/1 од 28.05.2014 година по автоматизам престанува да важи.

**Активности поврзани со стекнување на имотен лист на име на ЦДХВ за просторот на локацијата во Комплекс Банки**

На 06.02.2015 година од страна на Министерството за финансии доставен е *Геодетски елаборат за внатрешно премерување на згради, посебни и заеднички делови на згради и други објекти*, изготвен од Агенцијата за Катастар на недвижности на Република Македонија во кој е констатирана фактичката состојба на деловниот простор кој го користи ЦДХВ во зградата Комлекс Банки. Во Елаборатот се прифатени забелешките на ЦДХВ во однос на претходно доставениот Геодетски елаборат бр.1141/2080/3/2 од 07.07.2014 година по однос на којшто ЦДХВ приговараше за погрешната евиденција на намената на одредени ставки (подруми, скривници, тоалети и сл.) како деловен простор, што само по себе носеше ризик од неоправдани финансиски импликации за Депозитарот.

На 13.02.2015 г. одржан е состанок со Државниот правобранител определен да работи како преставник на Р.Македонија на оваа проблематика, преставник на Министерството за финансии, и преставници на ЦДХВ и КИБС во врска со понатамошниот тек на постапката за стекнување на имотен лист од страна на корисниците на имотот во Комплекс Банки. На состанокот Државниот правобранител извести дека постои можност за своевидна конвалидација на склучените договори за купопродажба на недвижниот имот по пат на поднесување на тужби од страна на ЦДХВ против Р.Македонија за стекнување на правото на сопственост на деловниот простор за што е склучен договор, на што Државното правобранителство ќе одговори со противтужби за доплаќање на разликите, со цел да се дојде до постапка за спогодување со која ќе биде доделен просторот за кој ЦДХВ има склучено договор. На ова, од преставниците на ЦДХВ е укажано дека треба да се има во предвид дека врз основа на Анексот на Договорот од 2005 г, склучен со Министерството за финансии, се појавуваат разлики во однос на деловниот простор кој ЦДХВ го договорил со Анексот, и деловниот простор кој со години наназад континуирано и совесно го користи.
Како една од алтернативите за надминување на постојната ситуација од страна на преставниците на ЦДХВ е предложено да биде потпишан нов Анекс кон Договорот помеѓу ЦДХВ и Министерството за финансии со кој ќе биде опфатен целокупниот имот кој ЦДХВ го владее и со цел овој Анекс Договор солемнизиран пред нотар да биде подобен правен основ за упис, но другата страна се изјасни дека не може да го прифати истиот.
При крајот на месец март 2015 година, во рамките на постапката за добивање на имотен лист за деловните простории на ЦДХВ АД Скопје лоцирани во зградата Комплекс Банки, од страна на преставници на Бирото за судски вештачења спроведени се активности со цел проценка на вредноста на овие деловни простории. На 28.04.2015 година добиена е Проценка бр.03-2232/1 од Бирото за судски вештачења, а на 30.04.2015 година Наод и мислење бр.03-2232/2. Вкупната вредност на имотот кој го користи ЦДХВ според проценката е 22.414.289 денари за 459 м2. По приемот на проценката ЦДХВ испрати Допис до Министерството за финансии со кој се согласува со Проценката.

На покана на ЦДХВ, во месец јуни 2015 година одржана е работна средба со надлежниот Државен правобранител и преставник од Министерство за финансии со цел договарање на понатамошни активности околу постапката за стекнување на имотен лист за деловниот простор на ЦДХВ во Комплекс Банки. На состанокот беа отворени прашања поврзани со можностите за судско решавање на предметот по пат на претходна спогодба и беа презентирани ставови на Министерството за финансии во однос на потребата од доплаќање на одреден износ за стекнување на спорниот деловен простор, на што преставниците на ЦДХВ не се согласија во однос на потребата од доплата.
До крајот на годината се работеше на утврдување на текст на предлог тужба кој би бил прифатлив за двете страни, во неколку верзии со различни правни основи, но без краен ефект за утврдување на взаемно прифатлив текст. Се очекува овие активности да продолжат и во 2016 година.

## ❖ Активности во врска со наплата на ненаплатените побарувања

Поради својата законска обврска да ги води акционерските книга на сите издавачи регистирани во Р. Македонија, Депозитарот се соочува со ситуации дел од издавачите да не ја подмируваат својата обврска за водење на акционерска книга, а Депозитарот од аспект на заштита на правата на акционерите не е во можност да ги острани акционерските книги на овие издавачи од активниот систем на Депозитарот поради неплаќање на нивните обврски. Ваквата поставеност на работите доведува до ситуација за сите издавачи чиишто акционерски книги се евидентирани во Депозитарот редовно да се доставуваат фактури во кои е вкалкулиран надоместок за водење на акционерска книга, што на крајот резултира со акумулирани ненаплатени побарувања на Депозитарот, со дополнителни даночни импликации.

Со цел дефинирање на соодветна страгија во однос на наплатата на побарувањата на Депозитарот кон своите должници, Одборот на директори на Депозитарот во првата половина на 2015 година беше информиран за состојбата со фактурираните, а ненаплатени побарувања, превземените активности и резултати од кампањата за наплата на побарувања иницирана во 2012 година, како и очекуваниот развој на состојбите.

Согласно насоките на Одборот на директори, стручните служби во Депозитарот извршија анализа на финансиската состојба на должниците со цел да утврдат листа на должници за кои постои оправданост од иницирање на постапки за наплата на побарувањата врз основа на што кон крајот на 2015 година започната е постапка пред нотар за утврдување на долг за 13 должници.

Истовремено, во текот на 2015 година беа преземени и поголем број вообичаени активности во форма на ургенции за наплата на ненаплатените побарувања (телефонски контакти, посета на друштва и сл.), а продолжија и активностите за наплата на побарувањата кон должниците потврдени со нотарски правосилни решенија, иницирани од 2012 година.

## ❖ Други правни и нормативни активности

➢ Во текот на 2015 година, Депозитарот како тужена страна беше странка во шест судски постапки, од кои пет беа започнати изминатите години, а една постапка е започната во 2015 година (вредност на спорот: 37.464.200 денари). До крајот на 2015 г. пред основните судови активни останаа две постапки со заведена вредност на споровите од 38.004.200 денари.

Од другите четири предмети состојбата заклучно со 31.12.2015 г. е следна:

- за три предмети донесени се правосилни пресуди во корист на ЦДХВ, од кои две се потврдени и со пресуди на Врховниот суд на Република Македонија (вредност на споровите: основни износи 13.971.296 денари и 700.000 денари, и камати).
- За 1 предмет постапката во прв степен пред Основен суд Скопје 2 е во прекин поради смрт на еден од тужителите (вредност на спор: основен износ од 182.786 денари и камати).

➢ Од аспект на следење на правната регулатива која го уредува работењето на Депозитарот, проактивниот однос продолжи и во 2015 година.

Во текот на 2015 година претставници на Депозитарот беа учесници на повеќе состаноци на кои присуствуваа претставници на повеќе институции (Комисија за хартии од вредност, Министерство за финансии, Агенција за катастар на недвижности, Нотарска комора, Комора на извршители, Агенција за супервизија на осигурување, претставници на банки и Македонската берза на хартии од вредност). Целта на средбите беше согледување на сите аспекти на издавањето и тргувањето со корпоративни обврзници кои би биле обезбедени со недвижен или друг имот, заради предлагање на конзистентни решениеја кои подоцна беа вградени во Законот за хартии од вредност. Согласно одредбите на законот, во постапката Депозитарот може да биде вклучен како законски застапник на идните сопственици на корпоративните обврзници (trustee) за цели на упис на залогот/хипотеката на предметот на обезбедување, како и во евентуална постапка на реализација на залог/хипотеката доколку издавачот потфрли при исплатата на обврските вградени во обврзниците (се предвидува законски застапник на имателите на обврзниците да може да биде само субјект со дозвола за работа издадена од Комисијата и со основна главнина од најмалку 500.000 евра). Воедно, предвидено е надоместот на заедничкиот застапник да биде утврден договорно со издавачот на обезбедените обврзници.

Во текот на вториот квартал 2015 година беа објавени измени на Законот за трговски друштва во кои се предвидува при основање на трговско друштво со хартии од вредност или при зголемување на главнината со хартии од вредност основачите (содружниците/акционерите) пред уписот на промената во Трговскиот регистар, до Депозитарот да доставаат нотарски заверена изјава со која се согласуваат до преносот на хартиите од вредност на трговското друштво да биде евидентирано ограничување за располагање со истите. Овие измени на Законот за трговските друштва, исто така, беа подготвени во консултации со Депозитарот.

➢ Во јануари 2015 година беа донесени измени на Законот за денационализација и Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните штедни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија, а во март 2015 година и измени на Законот за градежно земјиште. Согласно измените се укинаа сите основи за плаќање со обврзниците издадени од државата, освен за отплата на општествени станови со обврзници за денационализација. Постапките кои беа

започнати пред влегувањето на сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за градежно земјиште ќе се довршат согласно одредбите на законот пред да биде изменет. Ова значи дека со стапување на сила на измените на наведените закони, во Депозитарот се намали обемот на извршени уплати преку налози на државни институции за плаќање со обврзници.

➢ Во текот на месец јануари 2015 година КХВ достави до ЦДХВ записник од извршената редовна годишна контрола на работењето на ЦДХВ, а во текот на месец февруари 2015 година, во рамките на редовната годишна контрола над работењето на Депозитарот започната во декември 2014 година, спроведена е дополнителна контрола на Депозитарот од страна на преставници на КХВ. Врз основа на спроведените контроли, во 2015 година од страна на КХВ не се иницирани постапки кон ЦДХВ.

➢ Во рамките на извештајниот период, од страна на Комисијата за хартии од вредност е спроведена една вонредна контрола во јануари 2015 година. Основна цел на контролата беше утврдувањето на вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ на последниот дена на тргување во 2014 година, што преставува основ за плаќање на надомест за надзор согласно Тарифникот на Комисијата. При извршувањето на контролата, согласно Записникот, беше утврдено дека вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ АД Скопје, со состојба на ден 30.12.2014 година, изнесува 274.294.562.547,37 денари.

➢ Во текот на 2015 година ЦДХВ и Комерцијална Банка АД Скопје преземаа активности кои резултираа со склучување Договор за размена на податоци по електронски пат, кој опфаќа размена на податоци по електронски пат од Депозитарот и кон Депозитарот, и тоа како за доставување на акционерски книги и извештаи, така и за размена на податоци во врска со издавањето и сервисирањето на обврзниците. Целта на овие активности е осовременување на комуникацијата помеѓу ЦДХВ и финансиските институции кои примаат податоци од ЦДХВ и доставуваат податоци кон Депозитариот и истиот ќе послужи како пилот проект кој потоа ќе се реализира и со другите финансиски институции. Во насока на реализација на Договорот изготвено е и Упатство за структурата на податоци и начинот на електронска размена на податоци со намена за спроведување на Договорот. Заеднички е договорено примената на Договорот да започне од Јануари 2016 година.

➢ Извршниот директор на ЦДХВ во текот на месец ноември донесе Одлука за формирање на Комисија за изработка на План на архивски знаци за распоредување на актите на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година, Листа на архивски материјал на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година и Листа на документарен материјал со рокови на негово чување на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2016 година. По изготвувањето на листите, согласно Законот за архивско работење, истите во предвидениот рок беа достави до Државниот архив на Република Македонија. Државниот архив на Република Македонија во месец декември достави Решение до ЦДХВ со кое се дава согласност на предметните планови и листи како официјално одобрени документи за архивското работење на ЦДХВ во 2016 година.

➢ Во текот на месец декември 2015 година формиран е тим за вршење на контрола во однос на функционирањето на целокупниот систем за заштита на личните податоци во текот на 2015 година.

- Во текот на месец јануари 2015 година склучен е Договор со специјализирана компанија за давање услуги од областа на заштита и безбедност при работа. Со Договорот е уредена соработката помеѓу оваа компанија и Депозитарот што резултираше со изготовка на Програма за безбедност и здравје при работа, спроведување на соодветна обука на сите вработени во Депозитарот од областа на безбедност и здравје при работа, изработка на проценки на професионални ризици на работните места како основи за утврдување на изјави за безбедност за секое работното место во Депозитарот, мерења и анализа на микроклиматски услови (температура, релативна влажност, брзина на струење на воздухот) и физички штетности (осветленост и бучава). Понатаму, определени се две лица за давање на прва помош, упатени се на обука што беше извршена од страна на овластена медицинска установа, и набавени се основни средства за давање на прва помош.

- Во текот на 2015 година Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансико разузнавање, Државното правобранителство, судови, овластени извршители, стечајни управници, Управата за финансиско разузнавање и други институции. Доставувани се одговори на барања и на поединци и акционерски друштва.

## Меѓународна соработка

Во текот на 2015 година, Депозитарот беше во постојана комуникација со меѓународните организации во кои членува како полноправна или асоцијативна членка. Во текот на годината Депозитарот редовно ги извршуваше своите обврски кон ANNA и кон FEAS преку испраќање на податоци на дневна основа и учество во истражувања. На почетокот на 2015 година се доставени годишни извештаи за работата на Депозитарот по однапред утврдени прашалници до ANNA (ANNA Annual Report 2014) и до ECSDA (ECSDA Database for 2014).

Во текот на годината реализирани се следните позначајни активности во доменот на меѓународната соработка:

- На 19 февруари 2015 година се одржа состанок на Одборот на директори на ECSDA, на кој беше присутен и Извршниот директор на ЦХДВ, и на кој се дискутираше за бројни аспекти околу новата европска регулатива за депозитари, вклучително и прашањата за хармонизација на регулативата, процедурите за порамнување на трансакции со хартии од вредност, потоа за изработката на извештај за структурата и поделбите на сметките на хартии од вредност на ниво на депозитар и транспарентноста на инвеститорите и други активности на асоцијацијата.
- На 25 март на маргините на Светскиот конгрес на берзи (Лондон 24-25 март 2015) се одржа состанок на Одборот на директори на FEAS, на кој учествуваше и ЦДХВ преку конференциска врска.
- На 4 и 5 јуни 2015 во Даблин, Ирска се оддржа редовното годишно собрание на ANNA. ЦДХВ го овласти SKDD (Središnje klirinško depozitarno društvo d.d.) од Хрватска да го застапува на собранието.
- на 21 мај 2015 година е оддржан и пролетниот состанок на Работниот комитет и Состанокот на Извршниот одбор на FEAS во Ереван, Ерменија. ЦДХВ ја овласти Софиската берза од Бугарија да го застапува на собирите.
- На покана на Европската банка за обнова и развој, на почетокот на Јуни 2015 година претставник на Депозитарот присуствуваше на работилница за Иницијатива за воведување на регионален CCP (Central Counter Party), институција која по функција врши порамнување и улога на втора договорна страна во порамнувањето, како начин на намалување на ризикот за непорамнување на берзански трансакции и на куповна и на продажна страна. На работилницата, од страна на претставници на Oliver Wayman (интернационална консултантска компанија) и ЕБРД беше презентирана иницијална анализа на можноста за воведување на регионален CCP, а како предности беа наведени избегнување на трошоците за земјите во кои се уште не е востановена ваква институција, а кои согласно европските регулативи достигнуваат до 10.000.000 евра. Согласно анализата, предвидено е овие трошоци да се намалат до 1.000.000 евра за земјите кои би учествивале во првата фаза во евентуалното востановување на регионалната институција. Треба да се нагласи дека предвидените барања на европските регулативи (ЕМИР) се задолжителни за институции кои даваат услуги на CCP, што не е случај со Република Македонија. Вакви услуги се повеќе застапени на пазари со дервитавни хартии од вредност.
- На 30.10.2015 година испратен е одговор на прашалникот на АГЦ – Association of Global Custodians Questionnaire во кој се содржани обемни податоци за организацијата и работата на ЦДХВ и кој претставува

информативен документ за ЦДХВ кој го користат старателските банки и меѓународните инвеститори.

- На 19.11.2015г во Белград, Република Србија, е одржана меѓународната конференција Upgrade in Belgrade, во организација на Белградската Берза за хартии од вредност. На коференцијата, меѓу другото, на посебен панел се дискутираше за предизвиците кои претстојат пред депозитарите како инфраструктурни институции и беа оддржани корисни презентации за новите текови во развојот на депозитарите, со посебен осврт на усогласеноста со новата регулатива на Европската комисија (CSDR) и за предизвиците при создавање на CCP. Беше одржана и презентација од страна на претставници на NASDAQ OMX во врска со апликативното решение за депозитари - X STREAM CSD. Во рамките на конференцијата претставниците од ЦДХВ остварија повеќе средби со претставници на седум други депозитари и беше истакната иницијатива за поголема регионална соработка на овластените депозитари.
- На 20.11.2015 година, на иницијатива на ЦДХВ АД Скопје, беше одржана работна средба со претставници на српскиот депозитар на хартии од вредност, на која беа разменети искуства од работењето на двете институции, при што беше истакната взаемна намера за остварување на поблиска соработка со цел унапредување на работењето на институциите.
- На 12 и 13 ноември 2015г во Сан Хозе, Коста Рика се оддржа вонредното годишно собрание на АННА. ЦДХВ го овласти KELER - Central Clearing House and Depository (Budapest) од Унгарија да го застапува на собранието.
- На 27 ноември 2015 година, во организација на Групацијата за работа со хартии од вредност при Стопанската комора на РМ беше организирана работна средба помеѓу преставници на КХВ, Македонската берза, Депозитарот и нивните членки со нивни колеги од Република Бугарија во врска со развивањето и функционирањето на проектот СЕЕ линк.
- На 09.12.2015г е испратен мастер фајл со користење на новиот формат на испраќање на податоци до Anna Service Bureau, како дел од ANNA – Асоцијацијата на национални нумерички агенции. Испратениот Мастер фајл содржи податоци за вкупно 2.222 емисии на хартии од вредност.

## Активности за обезбедување на грант за развој на дистрибутивен систем на ЦДХВ

Во 2015 година продолжија започнатите активности од претходната година, кога ЦДХВ АД Скопје се обрати до ЕБРД со допис во кој ја елабoрираше потребата од грант за преземање на повеќе развојни активности на Депозитарот, кои вклучуваа:

- Изработка на анализа на разликите помеѓу оперативните стандарди и услуги на ЦДХВ и меѓународните стандарди, практики и услуги, во делот на
    - Основните услуги на Депозитарот (регистрациските активности, утврдувањето и порамнувањето)
    - Услугите за крајните корисници (инвеститори и издавачи на хартии од вредност)
    - Безбедноста на податоците
    - Технологијата
- Развој на Технолошка стратегија на ЦДХВ и дизајн на нова архитектура на системот;
- Развој на
    - Нови решенија за извршување на основните услуги
    - Нови дополнителни услуги за корисниците
- Пенетрациски тест за безбедност на системот против неовластен пристап.

Како крајна цел на овие активности беше презентирана потребата од развој на дистрибутивен систем на ЦДХВ АД Скопје кој ќе овозможи пристап на овластени лица до податоците во системот на ЦДХВ на инвеститорите и издавачите на хартии од вредност преку интернет. Поконкретно, целта на дистрибутивниот систем е овозможување веб пристап до податоци во ЦДХВ со што значително би се подобриле ефикасноста и квалитетот на услугата која што до сега корисниците ја добиваа во канцелариските простории на ЦДХВ или пак преку пошта. Со тоа, македонскиот депозитар ќе го подигне своето работење на нивоата што се веќе присутни кај депозитарите од окружувањето. Воедно, реализацијата на овој проект ќе овозможи воведување на нови пакети на услуги за издавачите на хартии од вредност.

За реализација на горенаведените услуги беше проценето дека е неопходно да се започне со изработка на Технолошка стратегија на Депозитарот и редизајнирање на архитектурата на информатичкиот систем на Депозитарот, по што би следело креирањето на соодветните решенија за новите производи.

Како иницијални развојни активности кои ќе бидат предмет на креирање на технички и технолошки решенија за збогатување на листата на услуги на ЦДХВ беа наведени:

- изработка на веб портал за инвеститорите во хартии од вредност преку кои истите ќе можат да направат увид во состојбата (и промените) на нивната сметка за хартии од вредност преку интернет;
- изработка на веб портал за издавачите на хартии од вредност преку кои истите ќе можат да направат увид во акционерската книга на друштвото преку интернет и да добијат различни типови на извештаи поврзани со акционерската структура (на пример: преглед на првите 10-20 акционери, прегледи на извршени трговски и нетрговски преноси и др.);
- надградба на системот на депозитарот со што ќе се овозможи

дистрибуција на информации за корпоративни активности и закажување на акционерски собранија, и за промени на инвеститорската сметката до имателите на хартии од вредност на регистрирана електронска адреса.

Врз основа на тоа следеше повеќемесечна комуникација со ЕБРД која се интензивираше во третиот квартал од 2015 година, и која резултираше со подготовка на документи Terms of reference, при што беше апсолвирано дека структурата на потенцијалниот проект е од таква природа да би требало да се реализира во две фази – првата: анализа на тековните состојби, развој на технолошка стратегија и дизајн на технолошките решенија и втората: изведба на технолочките решенија и набавка и поставување на соодветна информатичка опрема. Согласно овие нацрт-документи, кои се изготвени согласно барањата и насоките на ЦДХВ, вкупната вредност на проектот е проектирана на 250.000 евра, од кои 200.000 евра е грант од ЕБРД, а 50.000 евра би било учество во проектот на ЦДХВ.

Откако Одборот на директори на ЦДХВ се согласи за кофинансираниот износ испратено е писмо за намери до ЕБРД со кое ЦДХВ се обврза дека е подготвен да учествува со парични средства, набавка на материјални средства и услуги или комбинирано во износ од 50.000 евра за набавка на предметите и/или услугите наведени во техничките спецификации одобрени од ЕБРД.

Во текот на месец ноември добиено е известување од ЕБРД за одобрување на проектот, при што паричните средства за реализација на грантот се обезбедени преку посебен фонд на ЕБРД. На 24 ноември на интернет страниците на ЕБРД и на ЦДХВ беше објавен повик до заинтересираните консултанти да доставaт понуди за консултантски услуги за првата фаза од реализацијата на проектот. Врз основа на повикот беа доставени три понуди и беше формирана Комисија за избор на најповолна понуда, која работеше на евалуацијата на пристигнатите понуди.

Во 2016 година се очекува да бидат потпишани договори со ЕБРД и избраните понудувачи, и да се започне со имплементација на проектот.

## Промотивни активности

• На 7 мај во Скопје во организација на ЦДХВ, Берзата и КХВ се одржа традиционалната Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност на тема "25 години Пазарна економија и состојбата на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија". На форумот повеќе експерти од финансискиот и бизнис секторот, како и претставници од академскиот свет дадоа свое видување за изминатите и актуелни состојби во македонската економија и пазарот на хартии од вредност, а дебатираа и за перспективите во наредниот период. На форумот беа презентирани и изјави на експерти од областа на пазарот на хартии од вредност од Словенија, Хрватска и Бугарија.

• Со цел промоција на новоизработената интернет страница на ЦДХВ, на 29.01.2015 година беше извршена презентација на содржините и функционалностите на новата редизајнирана интернет страница на Депозитарот, како и на дел од активностите на Депозитарот, пред претставници на повеќе медиуми. Настанот се одржа во просториите на ЦДХВ и истиот имаше големо медиумско покривање на повеќе електронски медиуми, телевизии и радио.

• Извршниот директор на Депозитарот беше гостин-предавач на часови на постдипломски студии во Универзитетот Американ Колеџ во Скопје, каде беше претставена проблематиката на работењето со хартии од вредност во РМ и Централниот депозитар за хартии од вредност.

• во месец мај 2015 година Депозитарот беше домаќин на група студенти од Правниот Факултет при УКИМ, на кои им беше претставена работата и функциите на ЦДХВ.

## Други позначајни активности во текот на 2015 година и информации

• Во Мај 2015г., претставници на Депозитарот учествуваа на средба со експерти ангажирани од страна на Министерството за финансии на РМ, КХВ и НБРМ кои се вклучени во проект за изработка на нов закон за пазарот на капитал, во кој ќе бидат инкорпорирани повеќе европски директиви

- Директива за пазари на финансиски инструменти
- Директива за усогласување на барањата за транспарентност во однос на информациите за издавачите чии хартии од вредност се примени за тргување на регулиран пазар,
- Директива за проспектот кој треба да се објави кога хартиите од вредност се нудат на јавноста или се примени за тргување
- Директива за кривични санкции за злоупотреба на пазарот (директива за злоупотреба на пазар)
- Директива за прием на хартиите од вредност на котација на официјален пазар на берза и за информациите кои треба да се објават за тие хартии од вредност

На состанокот беше презентирана работата и функционалностите на Централниот депозитар за хартии од вредност со цел експертите да можат да извршат анализа на состојбите на пазарот во Република Македонија. Генерално, беше напоменато дека имплементацијата на директивите ќе има минимално влијание на поставеноста на Депозитарот, освен доколу иницијаторот на измената на законот не реши самостојно да вгради во текстот на законот и други промени што не се предмет на ангажманот на консултантите.

- Во четвртиот квартал на 2015г ЦДХВ присуствуваше на состаноци иницирани од Владата на РМ заради покрената Иницијатива за донесување на Предлог – Закон за деловни ангели. Целта на иницијативата е поттикнување на инвестирањето од страна на овие субјекти со воведување на даночни олеснувања за овие инвеститори. Беше разгледувана и можноста од воведување на посебна платформа на Македонската берза која би служела за сретнување на бизнис ангелите со претприемачите.

- За потребите на Министерството за финансии изработена е детална анализа на прометот и бројот на домашните физички лица за период 2010-2015, со цел да се утврди потребата за продолжување на ослободувањето од плаќање на данок од капитална добивка. Врз основа на овие анализи, како и други согледувања на Министерството за финансии, донесен е Законот за изменување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на РМ", бр.199 од 13.11.2015 година) со кој продолжува ослободувањето од плаќање на персонален данок на доход за капитална добивка остварена со продажба на хартии од вредност, односно капитална добивка остварена со продажба на хартии од вредност не се оданочува до 31.12.2018 година.

- По иницијатива на Министерството за финансии на РМ, ЦДХВ учествуваше на состаноци со експерти од Европската унија, како дел од експертската помош кон Република Македонија во процесот на изготвување на Националната програма за транспонирање на европското право.

## Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје на 31.12.2015 година го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| **Име и презиме** | **Работодавец / Дејност** | **Членство во органи на управување на други трговски друштва** |
|---|---|---|
| Антигона Буклеска Младеновиќ | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Сопје<br><br>Дејност:Банкарство | ➢ЦДХВ АД Скопје неизвршен член на Одбор на директори,<br>➢Македонска Берза АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори<br>➢Негорски Бањи АД Негорци, неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Петровски | Фершпед АД Скопје<br>Дејност:Шпедиција | ➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ Фершпед АД Скопје, член на Управен одбор |
| М-р Драги Тасевски | НЛБ Тутунска Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ЦДХВ АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| М-р Павле Гацов | Проагенс ДОО Скопје<br>Дејност: Издавање на стручни списанија и публикации | ЦДХВ АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Проф. др. Ванчо Узунов | УКИМ - Правен факултет<br>Дејност: Високо-образовна и научна установа | ➢ ЦДХВ АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори<br>➢ Македонија Турист АД Скопје член на Надзорниот одбор |
| Проф. др. Сашо Ќосев | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо-образовна и научна установа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен независен член на Одбор на директори |

Неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ кои се вработени кај акционери на Депозитарот за својата работа во Одборот на директори на Депозитарот не добиваат надомест. Годишните примања за 2015 година на

неизвршните независни членовите на Одборот на директори на ЦДХВ од членството во ЦДХВ на годишно ниво изнесуваат 180.000 денари нето износ по член. ЦДХВ АД Скопје на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2015 година им нема исплатено други надоместоци за членство во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Годишните примања за 2015 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец (доколку се исплатени) се следните редоследно според табеларниот преглед: 1.127.759 денари плата и 28.117 денари надоместоци на плата; 1.504.800 денари плата; 2.490.000 денари плата 8.769 денари надоместоци на плата, 644.251 денари осигурување; 1.560.000 денари плата, 801.060 денари надоместоци на плата, 434.911 денари бонуси, 21.600 денари осигурување и 123.431 денари други права; 840.000 денари плата; 677.058 денари плата и 643.625 денари други права; 1.206.663 денари плата; сите дадени во нето износи.

М-р Драги Тасевски е ангажиран и во Академија за Банкарство и Технологија со плата во износ 21.000 денари и надоместоци на плата 2.334 денари, во нето износ. Проф д-р. Вачно Узунов како член на Надзорниот одбор на Македонијатурист АД Скопје има годишен надоместок за членство во износ од 295.286 денари, во нето износ.

## Остварени финансиски резултати во 2015 година

Во 2015 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **29.573.993 МКД**. Вкупните приходи се намалени во однос на остварените приходи во 2014 година за 21%. Во однос на планираните, реализираните приходи во 2015 година се помали за 21% во однос на проектираните со финансискиот план на ЦДХВ за 2015 година.

Приходите остварени од камати изнесуваат 1.493.081 МКД и претставуваат 5,05% од вкупните приходи. Овој износ произлегува од камати од орочени депозити, камати на депозити повидување и приход остварен од продажба на удели во паричен фонд. Приходите по овој основ се помали во споредба со нивната реализација во 2014 година за 22%, а се за 15% поголеми во однос на планираните за 2015 година. Намалувањето на приходите по овој основ во однос на приходите во 2014 година главно е предизвикано поради континуираниот пад на активните каматни стапки и поради потребата од разрочувањето на мал дел од денарските депозити заради одржување на тековна ликвидност. Зголемувањето на приходите во однос на проектираното со финансикиот план за 2015 година е резултат на приносот од продажба на удели во паричен фонд. На 31.12.2015 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 3 и 12 месеци во вкупен износ од 45.100.000 МКД и орочени девизни депозити во Евра на 12 месеци во вкупен износ од 10.933.479 МКД, како и удели во паричен фонд во износ од 1.633.199 МКД.

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2015 година изнесуваат 27.591.786 МКД и истите се намалени за 21% во однос на 2014 година. Подетално подолу се презентирани сите видови приходи во оваа категорија:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2015 година изнесуваат 1.064.028 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 3,60%. Приходите по овој основ се зголемени за 5% и во однос 2014 година и во однос на планираните. Причината на ваквото зголемување на овие приходи е тоа што во текот на 2015 година е фактуриран поголем приход од брокерските куќи поради тоа што членките на Депозитарот немале промет од порамнување на трговски трансакции реализирани на Берза кој генерира месечен надомест од порамнување поголем од 50.000 МКД заради што не можеле да го користат месечното ослободување од членарината.
- Остварените приходите по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2015 година изнесуваат 6.205.321 МКД и во вкупните приходи учествуваат со 20,98%. Овие приходи се намалени за 56% во однос на 2014 година како резултат на намалениот берзански промет во 2015 година во однос на 2014 година, што соодветно значи и помали приходи од порамнување на трансакциите. Од истите причини, овие приходи се значајно помали и во однос на проектираните за 2015 година.
- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност изнесуваат 224.000 МКД. Приходите по овој основ се намалени 7% во однос на нивната реализација во 2014 година, а и во однос на планираните за 2015 година (7%). Намалувањето на овој приход е резултат на помал број на нови АД регистрирани во системот на ЦДХВ во 2015 година. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,76%.

- Остварените приходите по основ на годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот, годишна евиденција на акционерска книга со еден акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2014 година изнесуваат 10.344.902 МКД, што е на ниво на планираното и на ниво на реализираното во 2014 година по овие основи. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 34,98%.
- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 1.752.044 МКД и истите учествуваат во вкупните приходи со 5,93%. Процентот на нивната реализација во однос на 2014 година бележи пораст од 29%, а во однос на финансискиот план за 2015 година бележи пораст од 12%.
- Остварените приходите по основ на упис на емисии во 2015 година изнесуваат 1.904.000 МКД. Во вкупните приходи истите учествуваат со 6,44%. Приходите по овој основ бележат пораст во однос на 2014 година за 5%, додека реализацијата на приходите по овој основ е во рамките на предвиденото. Овој приход произлегува од сите евидентирани емисии на хартии од вредност во системот на Депозитарот за 2015 година издадени од акционерски друштва и Министерството за финансии.
- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства и слично во 2015 година изнесуваат 5.042.601 МКД. Процентот на нивната реализација во однос на 2014 година бележи пораст од 7%. Реализираните приходите по горенведените основи се на ниво на планираното во финансискиот план за 2015 година. Во вкупните приходи истите учествуваат со 17,05%.
- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи и слично изнесуваат 903.390 МКД. Процентот на нивната реализација бележи пад во однос на 2014 година за 26%, како и пад во однос на планираните за 2015 година за 21%. Намалувањето на овие приходи е резултат на намалениот интерес на акционерите да бараат услуги од ЦДХВ согласно горе наведените ставки. Во вкупните приходи истите учествуваат со 3,05%.
- Остварените приходи по основ на увиди и копии во акционерски книги изнесуваат 151.500 МКД. Приходите по овој основ бележат пад во однос на 2014 година за 31%. Кај приходите по овој основ е забележан пад за 39% и во однос на планираната проекција во финансискиот план за 2015 година, што се должи на намалениот интерес на акционерите да прават увид и да земаат копии од акционерски книги.

Депозитарот во 2015 година оствари останати приходи од дејност во износ од 489.126 МКД. Во овие приходи влегуваат наплатени отпишани побарувања, приходи од наплата на премии за осигурување, приходи од наплатени законски камати и други приходи. Истите бележат пораст за 25% во однос на 2014 година. Приходите по овој основ бележат пораст и во однос на планираните за 2015 година за 19%. Во вкупните приходи приходите од останати приходи од дејност учествуваат 1.65%.

**Вкупните расходи** остварени во 2015 година изнесуваат 34.861.168 МКД и истите помали за 3% во однос на 2014 година, односно за 6% во однос на планираните за 2015 година.

Во 2015 година расходите за провизии и надоместоци главно се направени за провизии за банки и истите изнесуваат 86.123 МКД. Трошоците за провизии за банки се за 5% поголеми од оставарените во 2014 година, а поголеми и за 5% во однос на проектираните за 2015 година.

Трошоците за вработени во 2015 година изнесуваат 14.961.144 МКД и во нив се вкалкулирани бруто платите на вработените како и трошоците на вработените во согласност со колективниот договор (регрес за годишен одмор за вработените), како и стручно оспособување на вработените заради усогласување со Законот за безбедност и здравје во работата. Овие расходи во вкупните расходи учествуваат со 42,92%. Овие трошоци се на ниво на планираното во финансискиот план за 2015 година и на ниво на реализираното во 2014 година, со мало намалување поради намалување на бројот на вработените лица во ЦДХВ за едно лице во текот на 2015 година и поради постигнат договор со вработените во ЦДХВ за исплаќање на регрес за годишен одмор под нивоата утврдени во Колективниот договор. Во трошоците за вработените се вградени и трошоците за бруто платата на Извршниот директор од 3.043.133 денари, при што зголемувањето на бруто износот во однос на претходната година се должи на промената на законските прописи во делот на придонесите од плата.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 1.579.835 МКД, што претставува 4,53% од вкупните расходи. Трошокот на амортизација покажува зголемување за 3% во однос на реализираниот трошок за 2014 година како резултат на активностите околу реновирањето на систем сала и соодветните набавки на потребната инфраструктурна опрема за систем салата на ЦДХВ, со што значајно беше надминат констатираниот дисконтинуитет во инвестиции во информатичката инфраструктура на ЦДХВ. Амортизацијата на материјалните и нематеријалните вложувања е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Депозитарот. Во однос на планираниот износ на амортизација за 2015 година, трошокот за амортизација е за 29% помал во однос на планираниот како резултат на тоа што во текот на годината не беше извршена набавка на планиранирата серверска опрема, лиценци и софтвер заради виртуелизација на серверските машини. Ова од причина што активностите кои беа во тек за одобрување на проектот за развој на дистрибутивен систем преку грант од ЕБРД подразбираа и компонента за самофинансирање во износ од 50.000 евра (соодветен на планираните набавки за 2105 година во тој дел), а начинот на кој е структуриран проектот антиципира изработка на технолошка стратегија, дизајн на нова архитектура на системот на ЦДХВ и соодветни набавки на опрема во функција на работата на дистрибутивниот систем. Оттука, планираните активности за набавка на хардверска опрема, софтвер и лиценци за 2015 годна е опортуно да се извршат во 2016 година, после развојот на технолошката стратегија на ЦДХВ и дефинирањето на потребните информатички капацитети на ЦДХВ со статегијата.

Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2015 година изнесува 1.407.803 МКД. Истата, како трошковна ставка, учествува со 4,04% од вкупните расходи на ЦДХВ за 2015 година. Трошокот по овој основ покажува намалување во однос на 2014 година за 27%. Ако се изврши споредба на трошокот по основ на исправката на вредност на побарувањата на АД во 2015 година во однос на планиранираното за 2015 година речиси и да нема отстапувања поради вкалкулираните ефекти во проекциите од продолжените рокови во Законот за трговски друштва за бришењето на неактивни субјекти, што соодветно би имало

свој финансиски ефект на оваа ставка, а имајќи предвид дека голем дел од овие друштва имаат значајни акумулирани неплатени обврски кон ЦДХВ.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 16.830.763 МКД и истите учествуваат со 48,28% од вкупните расходи на ЦДХВ во 2015 година. Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошоците за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на депозитарот изнесуваат 10.971.780 МКД и истите учествуваат со 31,47% во структурата на вкупните расходи. Во однос на реализираните расходи од дејност, надоместокот кој ЦДХВ го плаќа кон КХВ учествува со 65,18% како најголем тошок во неговата структура. Ако се погледне учество на трошокот за КХВ спрема вкупните приходи на Депозитарот реализирани во 2015 година, трошокот по овој основ изнесува 37,10% од вкупните приходи, што значи дека повеќе од $^1/_3$ од остварените приходи на Депозитарот во 2015 година се одлеваат како трошок за надоместок спрема КХВ. Во актуелниот амбиент на работа на ЦДХВ, регулаторниот трошок кон КХВ во 2015 година во однос на 2014 година е зголемен за 1.073.394 денари во апсолутен износ поради зголемувањето на номиналниот износ на хартиите од вредност што се водат во системот на ЦДХВ, што пак е основа за пресметка на надоместокот согласно Тарифникот на КХВ.
- Материјалните и слични трошоци во 2015 година изнесуваат 1.703.363 МКД или 4.89% од вкупните расходи (канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци од Заеднички служби во Комплекс НБРМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература)
- Трошоците за услуги изнесуваат 2.139.579 МКД и истите учествуваат со 6,14% од вкупните расходи. Во трошоците за услуги спаѓаат поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, сервисни услуги, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, радиодифузна такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРМ, трошоците за ревизија на финансиските извештаи на депозитарот и други.
- Трошоците за надомест за членови на Одбор на директори изнесуваат 600.012 МКД односно 1,72% од вкупните расходи. Во однос на трошоците по овој основ во 2014 година, истите се пониски за 50% поради донесената одлука со која Собранието на акционери на ЦДХВ на редовната годишна седница одлучи надоместок да се исплатува само на независните неизвршни членови на Одборот на директори на ЦДХВ. Оваа одлука се применува и за 2015 година.
- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 201.916 МКД и исти бележат пад во 2015 година од 12% во однос на 2014 година. Расходите по овој основ бележат пад од 19% во 2015 година и во однос на планираните расходи во финансискиот план, главно од причина што дел од службените посети во странство не се реализирани поради заштеди, а таку каде што Депозитарот требаше да презентира присуство на свој претставник беше издадено полномошно за претставување на ЦДХВ на друга странска институција, членка на телата кои се јавуваа како организатори на средбите.
- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 182.258 МКД и претставуваат 0,53% од вкупните расходи. Во однос на планираните трошоци за оваа намена реализацијата изнесува 79%, додека во однос на

нивната реализација на трошоци по овој основ во 2015 година во однос на 2014 година изнесува 77%, а намалувањето и на овие трошоци е резултат на амбиентот во кој работеше ЦДХВ во 2015 година.

- Трошоците за осигурување изнесуваат 94.703 МКД и се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опрема, мебел, извршниот директор (период Јануари-Март-2015 година). Реализацијата на овие трошоци е под ниво на планираното во финансискиот план и реализираното во однос на 2014 година, со стапка на намалување од 75% од причина што извршниот директор не го искористи правото за менаџерско осигурување за периодот април-декември 2015 година. Во однос на овие трошоци кои се реализирани за периодот јануари-март 2015 година Депозитарот остварува и соодветни приходи, имајќи предвид дека премијата во случај на некористење на осигурителната полиса за менаџерското осигурување ја користи Депозитарот.
- Реализацијата на другите трошоци во 2015 година изнесува 937.152 МКД и претставуваат 2,69% од вкупните расходи. Овие расходи се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Федерација на Евроазиски берзи (FEAS), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат на остварени пониски приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2015 година оствари загуба пред оданочување во износ од **5.287.175 МКД.**

Пресметан е данок на добивка во износ од **0,00 МКД** , како резултата на негативна даночна основа (бруто загуба поголема од износот на даночно непризнаените расходи во 2015 година) и нето загубата за деловната година за 2015 година изнесува **5.287.175 МКД.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2015 година изнесува **88.465.919 МКД.** Во структурата на активата најликвидните средства (паричните средства,  удели во паричен облик како и депозити во банки орочени на 3 и 12 месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2015 година) учествуваат со 66,17%, од што произлегува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 19.518.215 МКД учествува со 22,06% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 9.476.324 МКД или 10,71% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва во Р.Македонија, од побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември и од услугите извршени за Министерство за финансии на Р. Македонија (особено побарувањата за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2015 година изнесува **88.465.919 МКД.** Вкупните обврски на 31.12.2015 година изнесуваат 2.490.061 МКД, а од тоа обврските спрема добавувачите

изнесуваат 1.279.299 МКД. Најголемо учество во одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди чиј износ изнесува 1.210.762 МКД е обврската по данокот на додадена вредност во вкупен износ од 1.184.338 МКД, која достасува за плаќање во Јануари 2016 година.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2015 година, со загубата за финансиската година, изнесуваат 85.975.858 МКД. Од тоа запишаниот капитал изнесува 48.305.935 МКД, резервите 27.290.650 МКД, загубата за финансиска година 5.287.175 МКД и задржана добивка 15.666.448 МКД.

**Скопје,Февруари 2016 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Антигона Буклеска Младеновиќ**

Централен депозитар за хартии од вредност ЦДХВ АД Скопје

# ПРИЛОГ 1

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на ден 31.12. 2015 година**

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **2,046,304** | **869,247** | **42** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки и комитенти** | **72,339,903** | **67,143,002** | **93** |
| Депозити | 59,273,842 | 56,033,479 | 95 |
| Вложувања расположливи за продажба | 5,450,511 | 1,633,199 | 30 |
| Побарувања од комитенти | 7,615,550 | 9,476,324 | 124 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **506,092** | **342,906** | **68** |
| **5.Материјални средства** | **18,027,937** | **19,175,309** | **106** |
| **6.Останати средства/побарувања** | **687,709** | **795,464** | **116** |
| Побарувања за данок на добивка | 105,612 | 273,979 | 259 |
| Останати побарувања | 582,097 | 521,485 | 90 |
| **8.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **107,542** | **63,520** | **59** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **93,791,958** | **88,465,919** | **94** |

### ПАСИВА

| Назив | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **2,524,791** | **2,490,061** | **99** |
| Останати обврски | 1,395,747 | 1,279,299 | 92 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 1,129,044 | 1,210,762 | 107 |
| **2.Капитал и резерви** | **91,267,167** | **85,975,858** | **94** |
| Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | **100** |
| Резерви | 27,294,785 | 27,290,650 | **100** |
| Добивка за финансиска година | 1,208,376 | 0 | **н/а** |
| Загуба за финансиска година | 0 | -5,287,175 | **н/а** |
| Задржана добивка | 14,458,071 | 15,666,448 | 108 |
| **ПАСИВА** | **93,791,958** | **88,465,919** | **94** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**во периодот од 01.01.2015 до 31.12. 2015 година**

| Приходи | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 | Програма 2015 | Индекс 2015/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **1,917,169** | **1,493,081** | **78** | **1,302,000** | **115** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **35,024,450** | **27,591,786** | **79** | **35,604,727** | **77** |
| Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 330,000 | 0 |
| Годишна членарина за членство | 1,013,360 | 1,064,028 | 105 | 1,013,060 | 105 |
| Приходи од порамнување на овластена берза | 14,074,364 | 6,205,321 | 44 | 10,735,000 | 58 |
| Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 240,000 | 224,000 | 93 | 240,000 | 93 |
| Приходи од членарини за годишна евиденција за акции кои се тргуваат и не се тргуваат на пазарот ,годишна евиденција на акционерска книга со еден акционер, како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на акции | 10,345,179 | 10,344,902 | 100 | 10,207,418 | 101 |
| Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 1,354,072 | 1,752,044 | 129 | 1,565,249 | 112 |
| Приходи од упис на емисии | 1,808,000 | 1,904,000 | 105 | 1,904,000 | 100 |
| Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 4,712,045 | 5,042,601 | 107 | 5,050,000 | 100 |
| Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 1,256,930 | 903,390 | 72 | 1,110,000 | 81 |
| Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 220,500 | 151,500 | 69 | 250,000 | 61 |
| Приходи од нови тарифни ставки(нови услуги) | 0 | 0 | н/а | 3,200,000 | н/а |
| **3.Останати приходи од дејност** | **391,131** | **489,126** | **125** | **410,000** | **119** |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | | | | | |
| **Вкупни приходи** | **37,332,750** | **29,573,993** | **79** | **37,316,727** | **79** |

| Расходи | 2014 | 2015 | Индекс 2015/2014 | Програма 2015 | Индекс 2015/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи од провизии и надоместоци** | **77,771** | **81,623** | **105** | **78,000** | **105** |
| Провизии од банки | 77,771 | 81,623 | 105 | 78,000 | 105 |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | | | | | |
| **3.Трошоци вработени** | **15,421,326** | **14,961,144** | 97 | **15,280,578** | **98** |
| **4. Амортизација** | **1,537,182** | **1,579,835** | **103** | **2,226,844** | **71** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **1,932,155** | **1,407,803** | **73** | **1,500,000** | **94** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **16,864,638** | **16,830,763** | **100** | **17,918,188** | **94** |
| Материјални ислични трошоци | 1,826,443 | 1,703,363 | 93 | 1,898,588 | 90 |
| Трошоци услуги | 2,426,603 | 2,139,579 | 88 | 2,733,306 | 78 |
| Провизија за КХВ | 9,898,386 | 10,971,780 | 111 | 10,971,782 | 100 |
| Одбор на директори | 1,200,022 | 600,012 | 50 | 600,012 | 100 |
| Трошоци за службени патувања | 258,355 | 201,916 | 78 | 250,000 | 81 |
| Трошоци за репрезентација,реклама и пропоаганда | 235,734 | 182,258 | 77 | 230,000 | 79 |
| Осигурување | 384,195 | 94,703 | 25 | 375,000 | 25 |
| Други трошоци | 634,900 | 937,152 | 148 | 859,500 | 109 |
| **Вкупни расходи** | **35,833,072** | **34,861,168** | 97 | **37,003,610** | 94 |
| **Добивка пред оданочување** | **1,499,678** | **0** | | **313,117** | **0** |
| **Загуба пред оданочување** | **0** | **-5,287,175** | | | |
| **Данок од добивка** | **291,302** | **0** | | | |
| **Добивка за финансиската година** | **1,208,376** | **0** | | | |
| **Загуба за финанската година** | **0** | **-5,287,175** | | | |

**ПРИЛОГ 2**

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2015 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| МАК ТРЕНД БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 23.01.2015 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |
| ВЕБЕР ГМА АД БИТОЛА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 05.02.2015 | 500 ОБИЧНИ | 50.000 EUR |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 22.07.2015 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| АД ФК МЛАДОСТ ЦАРЕВ ДВОР РЕСЕН | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 04.08.2015 | 6.642 ОБИЧНИ | 66.420 EUR |
| ВАШ ПРИЈАТЕЛ АД ПРИЛЕП | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 03.09.2015 | 1.500 ОБИЧНИ | 15.000 EUR |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ РАБОТНИЧКИ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 25.09.2015 | 500 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| КОШАРКАРСКИ КЛУБ БЕСТ АД ГЕВГЕЛИЈА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 08.10.2015 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| ГРАДСКИ РАКОМЕТЕН КЛУБ БОРЕЦ АД ВЕЛЕС | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 14.10.2015 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ ЗОМИМАК-М АД СТРУМИЦА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 21.10.2015 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| ПОРШЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 28.10.2015 | 75 ОБИЧНИ | 75.000 EUR |
| ИБО ИНШУРЕНС АД КУМАНОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 30.10.2015 | 1.500 ОБИЧНИ | 15.000 EUR |
| КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 04.12.2015 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000 EUR |
| АД ВОДОСТОПАНСТВО НА Р.М. СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 07.12.2015 | 6.150. ОБИЧНИ | 6.150.000,00 МКД |
| ДСД КК КУМАНОВО 2009 АД КУМАНОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 23.12.2015 | 100 ОБИЧНИ АКЦИИ | 27.000 EUR |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2015 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| АД ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА-СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 28.01.2015 | 70 ОБИЧНИ | 324.502,50 ЕУР |
| ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ | ЧЕТВРТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 24.07.2015 | 50.000 ОБИЧНИ | 50.000 ЕУР |
| РАКОМЕТЕН КЛУБ ВАРДАР АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА | 18.08.2015 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| КОППЕР ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА | 30.09.2015 | 22.500 ОБИЧНИ | 90.000 ЕУР |
| М-НАВ АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА | 17.12.2015 | 71.202 ОБИЧНИ | 71.202.000,00 МКД |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2015 година

| |
|---|
| МТД ПРОМ АД КОЧАНИ |
| 8-МИ СЕПЕМТВРИ АД ДЕБАР |
| ЖИТО СКОПЈЕ АД СКОПЈЕ |
| БРЕЗА ЛП АД ЖИРОВНИЦА |
| НАПРЕДОК АД ПЕХЧЕВО |
| МЗТ СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И ОПРЕМА АД СКОПЈЕ |
| ТДПП АГРО ЛОЗАР АД БОГДАНЦИ |
| 8-МИ НОЕМВРИ АД НЕГОТИНО |
| АДГ ПЕЛАГОНИЈА СКОПЈЕ |
| РИОМК БОМЕКС РЕФРАКТОРИ АД ПЕХЧЕВО |
| АВИОИМПЕКС АД СКОПЈЕ |
| ТРИКОТАЖА АД ПЕЛИСТЕР |
| ФАБРИКА ЗА ШЕЌЕР 4-ТИ НОЕМВРИ АД БИТОЛА |

Во системот на ЦДХВ во текот на 2015 год. не се евидентирани ликвидации над акционерски друштва.

Акционерски друштва кои во 2015 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради присоединување кон други акционерски друштва.

| |
|---|
| Т-МОБИЛЕ АД СКОПЈЕ |
| ЖРК ВАРДАР АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2015 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| |
|---|
| ОЛДТАЈМЕР РЕСТАВРАЦИЈА АД СКОПЈЕ |
| АЛ КОСА АД ШТИП |

Акционерски друштва кои во 2015 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради присоединување кон други акционерски друштва.

| |
|---|
| Т-МОБИЛЕ АД СКОПЈЕ |
| ЖРК ВАРДАР АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2015 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| |
|---|
| ОЛДТАЈМЕР РЕСТАВРАЦИЈА АД СКОПЈЕ |
| АЛ КОСА АД ШТИП |